СООПШТЕНИЕ

**Во чест на Св. Трифун – заштитникот на лозарите и винарите**

# Закројување на лозјата во „Тиквеш“ - почеток на новиот циклус за производство на врвни вина

**Кавадарци, 14.02.2016** – Со желби за квалитетен род и бериќетна винска година, денеска започна закројувањето на лозовите насади на винарската визба „Тиквеш“ на локалитетот „Лепово“ кое традиционално се одржува во чест на Свети Трифун - заштитникот на лозарите и винарите.

Чинот на закројување на лозите беше извршен според сите обичаи, од страна на генералниот директор на ВВ „Тиквеш“ Игор Илиевски и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Михаил Цветков, во присуство на голем број партнери, соработници и пријатели.

*„Овој празник е многу повеќе од традиција. Тој е симбол на надежта на лозарите и винарите дека и оваа година ќе имаме добри услови коишто ќе ни овозможат да произведеме врвни вина кои ќе го освојуваат светот и со кои сите ние ќе се гордееме“*, изјави генералниот директор на ВВ „Тиквеш“, Игор Илиевски, честитајќи им го големиот празник на сите лозари и винари, како и на љубителите на виното.

ВВ „Тиквеш“ во континуитет посветува големо внимание и вложува обемни средства во развојот на сопствени лозови насади, како и во соработката со лозарите и нивна едукација за примена на најсовремени агротехнички методи за одгледување на грозјето заради натамошно унапредување на квалитетот и производство на врвно вино.

**За дополнителни информации**: ImagePR, +389 (0)2 3290 486; е-пошта: office@imagepr.com.mk